Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневните настани 27.06.2023

На 26.06.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена прашката материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Криминалистичката полиција на СВР Битола во соработка со полициски службеници од ОВР Крушево вчера (26.06.2023), по претходно добиена судска наредба извршија претрес во дом и простории на П.К.(71) од Крушево. При претресот пронајдени се над 60 пушки, над 60 пиштоли и околу 2000 парчиња ловечка и боева муниција од различен калибар, како и разни делови за пушки и пиштоли. За случајот е известен Јавен обвинител. По целосно расчистување и документирање на случајот против лицето ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово вчеравечер (26.06.2023) околу 23.15 часот, на улица „Видоја Смилевски-Бато" во Тетово, го лишиле од слобода 38-годишниот тетовец Д.М., затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок.

На 26.06.2023 во 15.10 часот, полициски службеници од СВР Куманово, врз основа на судска наредба од Основен суд Скопје-1, го лишиле од слобода И.Ф.(49) од Куманово. Тој се барал со потерница за издржување на изречена мерка притвор, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „криумчарење", казниво по член 278 ст.1 в.в ст.2 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Скопје за издржување на мерката.

Денеска (27.06.2023) во 01.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.С.(21) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.06.2023 полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода В.Р.(40) од Битола. При претрес во неговиот дом во Битола, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (27.06.2023) во 03.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(47) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (26.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со бројна поголема од дозволената, при што санкционирани се 588 возачи. Од нив, 26 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 286 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 302 надвор од населено место. Сообраќајните контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелирам до сите учесници во сообраќајот да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и заеднички да придонесеме за побезбедни патишта.

На 26.06.2023 во 16.46 часот било пријавено дека на автопатот Велес-Скопје, после влезот во тунел Стража-Катланово, се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „фолксваген доа" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(26) од с.Цветово, скопско и мотоцикл „хонда" со унгарски национални ознаки, управувано од Ц.Б.(70) од Р.Унгарија. На местото на несреќата починал мотоциклистот, а сврт била констатирана од страна на лекар од Итна медицинска помош. Со телесни повреди се здобила сопатничката Ц.Т.В.М.(68) од Р.Унгарија, констатирани во Општата болница Велес. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Велес.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (26.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 186 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 74 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, една санкција за управување возило под дејство на алкохол, осум мерки за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикли. Изречени се шест санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, една санкција за користење мобилен телефон при управување возило, четири мерки за некористење сигурносен појас...

На 26.06.2023 во 05.20 часот било пријавено дека автопатот Неготино-Демир Капија, во близина на ТЕЦ Неготино, патничко возило „рено" со српски национални ознаки, управувано од Д.Б.(35) од Р.Србија, излетало надвор од коловозот. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Л.Б.(34) и малолетен сопатник од Р.Србија, а со телесни повреди се здобиле возачот и уште еден малолетен сопатник, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Неготино.

На 26.06.2023 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, И.З.(69) од Скопје пријавил дека на кој на реката Вардар бил каснат од куче скитник.

На 26.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 43 прекршоци, од кои 29 надвор од населено место и 14 во населено место. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 нерегистрирано возило,1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за непропишо престигнување, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 9 за неносење заштитна каџиа.

На 26.06.2023 во 12.40 часот во Полициската станица Аеродром, Б.С.(30) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

Денеска (27.06.2023) во 00.45 часот било пријавено дека во с.Велгошти, охридско, на крстосница од ул.„Живко Чинго" со ул.„Андреја Јовановски", малолетничка од истото село, управувајќи велосипед, изгубила контрола и удрила во ограда. Во несреќата малолетна сопатничка се здобила со тешки телесни повреди, а малолетничката која го управувала велосипедот се здобила со телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 26.06.2023 во 11.45 часот во Полициската станица Центар, Ј.Ј.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„Мајка Тереза" бил каснат од куче скитник.

Вчера (26.06.2023) од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата. При контролата биле откриени и санкционирани 38 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-22 и ГВ-16), од кои 5 (ТЕ) за повеќе од 50 до 70 километри на час. Покрај ова, санкционирани се и 8 (ТЕ) пречекорувања на пропишаната брзина во населено место, како и 4 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-2).

Шеесеттогодишниот А.М. од гостиварско Речане вчера (26.06.2023) во СВР Тетово пријавил дека пред општинскиот објект во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 27.06.2023 полициски службеници од СВР Битола од дворно место на училиште во Битола ги лишиле од слобода В.Д.(38) од Скопје и П.Х.(37) од Битола, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе следува соодветна пријава.

Ноќеска (27.06.2023) десетина минути по полноќ, на ул.„ Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода 58-годишниот Б.Ф. од тетовски Требош, поради сомнение за негова инволвираност во „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Кај него била пронајдена поголема сума парични средства, а по наредба на Јавен обвинител веднаш му е одземено и возилото кое го управувал. Се расчистува и документира случајот.

На 26.06.2023 полициски службеници од ОВР Ресен на место викано „Елски лозја" од З.М.(56) од Ресен се одземени трактор марка „ИМТ" и приколка натоварена со огревни дрва без соодветна документација. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок. Исто така, во текот на вчерашниот ден, полициски службеници од ОВР Ресен на место викано „Магацините", во атар на с.Болно, ресенско, пронајдени се патничко возило „шкода фелиџија" без регистарски ознаки, натоварено со огревни дрва и моторна пила. Предметите се одземени и се предадени на Шумска полиција во Ресен за понатамошна постапка.

На 26.06.2023 во 21.30 часот во Полициската станица Аеродром, В.К.(29) од Скопје пријавила во близина на Железничката станица во Скопје била каснат од куче скитник.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Г.А.(53) од Гевгелија и А.Ј.(21), од село Богданци, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „несовесно работење во службата" и „злоупотреба на лични податоци". Во септември 2022 година, првопријавената, во својство на продавач агент во продавен салон на правно лице во Гевгелија, постапила спротивно на работните задачи и не извршила правилно идентификување на корисникот, со што и овозможила на второпријавената, во име на лице од село Стојаково, користејќи ги незнаните лични податоци да склучи анекс на договор за користење на постпеј услуги и да купи мобилен телефон без да поседува нејзина согласност за тоа.

На 26.06.2023 во 11.00 часот во ОВР Кичево лишен од слобода е Ц.Д.(39) од Скопје. Тој се сомнини за запоставување на својата должност за грижа и воспитување на неговата малолетна керка, која ја терал да врши питачење. Полициски службеници, заедно со претставник на Центарот за социјални работи и адвокат за малолетници, извршиле разговор и со малолетничката, а по целосно документирање на случајот против нејзиниот родител ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.06.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Е.В.(31) од Скопје пријавила дека на бул.„Александар Македонски" била каснат од куче скитник.

На 26.06.2023 во 18.00 до 24.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид се преземени засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници во Охрид, затекнале и санкционирале еден мотоциклист кој управувал мотор под дејство на алкохол и 3 мотоциклисти кои не користеле заштитен шлем-каџиа (Охрид-02, Кичево-01). Истовремено, затекнати се 51 возач кои управуваше моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-16, Струга-18, Кичево-13, Дебар-04), кои се соодветно санкционирани.

Денеска (27.06.2023) во 01.00 часот, Л.Н.(33) од Скопје пријавил дека околу 00.30 часот на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за граѓански работ Запад поднесе кривична пријава против Е.М. (28) од Р.Албанија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „незаконит риболов". На 23.06.2023 околу 06.00 часот при езерска контрола на Охридско Езеро, полициски службеници кај пријавениот пронашле алат за риболов и незаконски улов на риба – охридска пастрмка, по што од судија за претходна постапка му е одредена мерка притвор.

На 26.06.2023 во 19.40 часот во Полициската станица Аеродром Т.Д.(39) од Скопје, пријавил дека на кој на реката Вардар бил каснат од куче скитник.

На 26.06.2023 во 20.30 часот И.В.(54) од Радовиш пријавил дека околу 16.30 часот на подрачјето на Карпош, по претходно недорасбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2023 ОВР Неготино поднесе кривична пријава против Б.П.(35) од Неготино, поради постоење основи на сомневање за сторено кривично дело „демнење". Имено, во периодот од февруари 2023 до 02.05.2023 година, пријавениот неовластено ја следел неговата поранешна вереница и ја вознемирувал со пораки преку вибер и со испраќање писма до домот во кој што таа живее.

На 25.06.2023 околу 23.20 часот во Прилеп од полициски службеници е приведен З.З. (43) од Прилеп, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеник кој вршел службени дејствија од областа на сообраќајот. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Македонски Брод поднесе кривична пријава против М.И.(36) од Македонски Брод, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 13.06.2023 пријавениот преку негов профил на социјална мрежа објавил два статуса со навредлива содржина која повикува на насилство.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Т.М. (38) од село Баница, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 13.06.2023 околу 22.30 часот во село Баница, пријавениот физички нападнал такси возач со кој се превезувал и му го одзел мобилниот телефон, по што на 14.06.2023 околу 00.30 часот, физички нападнал полициски службеник кој го забележал и се обидел да го легитимира.

На 26.06.2023 околу 15.10 часот полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Б.М.(37) од тетовско Џепчиште, кој заедно со уште неколку други лица околу 11.45 часот на ул.„Благоја Тоска" во Тетово го нарушиле јавниот ред и мир со физички напад кон 56-годишниот А.Б. од тетовско Сушино. Според пријавеното, напаѓачите користеле и тврди и остри предмети со кои му нанеле повреди на А.Б., по што бил пренесен во тетовската Клиничка болница за укажување на лекарска помош. Инаку, покрај Б.М., кој е задржан во Полициската станица Тетово, во врска со случајот на службен разговор вчера попладне биле повикани и Б.М.(60) од Тетово и А.М.(43) од Џепчиште. Од екипа на СВР Тетово извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.А.(40) и А.А.(37), двајцата од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 12.05.2023 околу 21.00 часот во Тетово пријавените, по претходна расправија, физички го нападнале Х.К. од Тетово.

На 26.06.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Гази Баба, К.Ш.(56) од Скопје пријавил дека да домот се оддалечила неговата сопруга А.Ш.(46). Се преземат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Р.(30), Л.З.(24), двајцата од Тетово и А.И.(38) и Б.Б.(29), двајцата од с.Голема Речица, тетовско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 17.04.2023 во 21.30 часот во Тетово, во угостителски објект на ул.„Борис Кидрич", пријавените започнале меѓусебна физичка пресметка, со што предизвикале чувство на несигурност и страв кај присутните во објектот.

На 26.06.2023 во 19.10 часот на место „Марков Манастир", полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода Б.П.(64) од Скопје, откако тој ја ја го ја го ја го